РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1853/2
22-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под бр. 12-1853/1 од 29.04.2026 година, во врска со неправилности при исплата на надоместоци за изборен ангажман на членови на избирачки одбори во општина --------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Пријавата ќе ја достави на надлежно постапување до Државната изборна комисија.

Предметот со бр. 12-1567/1 од 25.03.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 29.04.2026 година, поднесена е пријава во врска со неправилности при исплата на надоместоци за изборен ангажман на членови на избирачки одбори во општина ---------------------.

Во пријавата подносителот наведува дека на лицата ангажирани во избирачките одбори во предметната Општина, до денот на поднесувањето на пријавата до ДКСК не им била извршена исплата на надоместоците за изборниот процес иако изборите во Република Северна Македонија се завршени.

ДКСК изврши проверка на одредбите од Изборниот законик кој го уредува изборниот процес и констатира дека, согласно член 31 став 2 алинеја 24: *Државната изборна комисија донесува правилник и упатство за надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација, врз основа на бројот на избирачи, видот, сложеноста, како и обемот на работите и времетраењето за нивното извршување.*

Согласно констатираното, ДКСК утврди дека Државната изборна комисија е органот кој ги пропишува правилата коишто ја регулираат исплатата на надоместокот за членовите на изборните органи во РСМ, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и пријавата ќе ја достави на надлежно постапување до Државната изборна комисија.
Оттаму ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar